КИРМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 68 од Законот за извршување ( "Службен весник на Република Македонија" бр.35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10,171/10 и 148/2011), в.в со член 19 од Правилникот за работа на Стручниот совет на КИРМ, Управниот одбор на Комората на извршители на Република Македонија, по повод утврдените предлог-мислења на седница на Стручен совет на КИРМ , на седница одржана на ден 30.11.2016 година, го усвои следното

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-1111/3-3
30.11 2016 год.
СКОПЈЕ

**ПРАВНО МИСЛЕЊЕ**

Доверителот во извршувањето е должен авансно да ги плати цената на администрирање, цена на извршни трошоци и реални трошоци и такси на извршителот со цел спроведување на извршување.

Доколку доверителот не ги авансира трошоците за спроведување на извршување, извршителот има право да побара плаќање во даден рок а во спротивно да му го врати барањето за извршување.

Доколку доверителот авансно ги платил трошоците, по реализирање на исправата, извршителот со Заклучок за утврдување на трошоци ќе го задолжи должникот да му ги плати трошоците на доверителот. Врз основа на заклучокот за утврдување на трошоци предвиден како извршна исправа во Законот за извршување, доверителот ги побарува од должникот цената на администрирање, цената на извршни дејствија, наградата на извршителот за извршените дејствија, реални трошоци и такси.

Заклучокот за утврдување трошоци ќе се стекне со својство на извршна исправа согласно закон, по протек на дадениот рок за постапување на должникот по заклучокот.

Потврда за правосилност и извршност става извршителот кој го донел заклучокот за утврдување на трошоци, а спроведување на извршување ќе спроведе надлежен извршител врз основа на барање за извршување на доверителот во чија полза е утврдено побарувањето од Заклучокот за утврдување на трошоци .

Претседател на Управен одбор
на Комора на извршители,
Зоран Петрески

Бул. „ Илинден " бр. 60/2-2 Скопје
Тел: 02 3225 674 Факс: 02 3239 877
e-mail: izvrsitelinarm@yahoo.com